**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ИЗГРАДБА ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНАТА КОИ НЕМАТ УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. СЕ ПРОГЛАСУВА одлукатa за начинот на изградба во населените места во Општината кои немат урбанистичка документација, донесена на 18[та] седница одржана на ден 18.10.1999 год.

2. Одлуката да се објави во **Службен гласник на Општината Дебар**.

3. Заклучокот за прогласување на одлуката од точка еден влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во **Службен гласник на Општината**.

**Бр.08-427/1**
**10.11.1999 год.**
**Д е б а р**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ќемал Цафа с.р**

111.Врз основа на член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл. Весник на РМ * бр. 4/96,28/97 год.) а во врска со член 88 од Статутот на Општината Дебар ( *Сл. Гласник на Општината * бр.4/97),

Советот на Општината Дебар на 18[та] седницата одржана на ден 18.10.1999година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За начинот на изградба во населените места во општината Дебар кои немаат урбанистичка документација**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот за изградба на објекти во населени места во општината Дебар кои немаат урбанистичка документација (во натамошниот текст: населени места) и тоа за следните населени места: Бањиште, Спас, Селокуќи, Отишани, Џепиште, Татар Елевци, Рајчица, Д. Косоврасти, Г.Косоврасти и Аме .

Член 2

Со оваа Одлука се определува подрачјето за изградба на објекти согласно графичкиот прилог во мерило 1 : 2500 за секое населено место од член 1 на оваа Одлука, со определување основни намени на површините и основната сообраќајна мрежа.

Графичките прилози се составен дел на оваа Одлука и не се објавуваат, а се чуваат и реализираат во соодветната подрачна единица на Министерството за урбанизам и градежништво.

Член 3

При организирањето на населеното место се наведува и подрачјето на атарот на населеното место, со предвидување зони за стопанска активност (фарми, погони за производство и слични активности), согласно определбите на просторниот план.

При предвидувањето на фарми и други објекти кои можаат да ја загадат средината, лоцирањето на локалитетите да биде на растојание минимум 1 км. од населеното место и со потребно групирање на објектите да се овозможи рационално комунално опремување и мерки за заштита на животната средина.

Изградбата на објекти за земјоделски, сточарски и други производни активности надвор од населеното место, а во рамките на атарот на населеното место, може да се врши согласно оваа Одлука а по изработен урбанистички акт за конкретниот локалитет и по добиени согласности од надлежните органи на управата и мислење од Локалната самоуправа. Проектот се заверува во Подрачната единица на Министерството за урбанизам и градежништво и согласно урбанистичкиот проект се издаваат услови за градба на објектот.

Графичкиот приказ за организираниот атар на населеното место по мерило 1:2500 е составен дел на оваа Одлука и не се објавува, а се чува и реализира во соодветната подрачна единица на Министерството за урбаниза и градежништво.

Член 4

Во согласност со карактерот и потребите на населеното место во границите на подрачјето за градба определени со графичкиот приказ можат да се градат и објекти за живеење, јавни објекти, стопански објекти, објекти за одмор, спорт и рекреација, урбана опрема, инфраструктурни објекти и слично.

Член 5

Во зоната за домување и во другите зони определени со графичкиот прилог, може да се изврши изградба, доградба, надградба и реконструкција на објектите како и изведување на други работи во рамките на стопанскиот двор и партерно уредување на дворот.

Сообраќајната мрежа се организира да овозможи пристап до секој објект или пристап со пешачка патека особено во случај на

лоцирање на објекти на коси терени. Ако не е обележан пристап до парцелата не може да се организира изградба на објект и не може да се утврдат услови за градба.

Водоводната, канализационата и електрична мрежа се предвидуваат со можност секој објект за живеење и работа да се приклучи на мрежата. До изведување на канализациона мрежа одводнувањето на употребните води се врши со септички јами, изведени по сите санитарно технички прописи.

Во графичкиот прилог на населеното место се одредува локалитет за депонија на смет согласно санитарно техничките прописи.

Член 6

При предвидување изградба на објекти максимално се почитува постојаната имотно правна состојба.

Член 7

Организацијата на дворните места односно микро урбанистичките решенија треба да се обезбедат ориентација на станбените објекти кон улицата или пристапот, а економскиот дел на дворното место да се лоцира во внатрешноста на парцелата.

Член 8

*Станбените објекти во основа се организираат како индивидуални куќи или двојни куќи со катност приземје и два ката според специфичноста на населеното место или конкретниот локалитет.*

*Катноста на објектите треба да се предвиди во согласност со традиционалната архитектура на објектите во населеното место.*

*Член 9*

*Градежната линија се утврдува според конкретните локациски услови и постојаните објекти и се назначува во условите за градба на објектот.*

*Член 10*

*Растојанието меѓу објектите од соседните парцели треба да се утврдува така да овозможува инсолација на соседниот објект од минимум 1 час во зимскиот период.*

*Член 11*

*Архиктектонското обликување на објектот треба да биде резултат на содржината на објектот и обликовниот концепт, во согласност со локалните услови и традиционалните обликовни елементи на подрачјето.*

*Член 12*

*За јавни објекти и комплекси пред издавањето услови за градба може да се изработи урбанистички проект, врз основа на кој ќе се утврдат поблиски услови за градба на објектите.*

Член 13

Утврдувањето на условите за градба на објектот во рамките на утврденатата зона во графичкиот прилог се врши според конкретните услови утврдени на лице место, одредбите на оваа Одлука и соодветните прописи.

Условите за градба ги утврдува соодветната Подрачна единица на Министерството за урбанизам и градежништво.

Член 14

По изработената техничка документација-проект за објектот и по добивањето на одобрението за градба може да се отпочне со градба на објектот.

Член 15

Графичките прилози од член 2 и 3 на оваа Одлука по нејзиното донесување се заверуваат од Градоначалникот на Општината Дебар и се доставуваат до соодветната Подрачна единица на Министерството за урбанизам и градежништво.

Член 16

Надзор на примената на оваа Одлука врши урбанистичко-градежната инспекција во согласност со Законот.

Член 17

Одредбите на оваа Одлука се применуваат до донесувањето на урбанистичка документација за соодветните населени места. Кога ќе се донесе урбанистичка документација

*за сите населени места назначени во член 1 од оваа Одлука истата престанува да важи.*

*Член 18*

*Оваа Одлука влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општината Дебар *.*

**Бр.07-365/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНАТА**
**18.10.1999 год.** **Председавач**
**Д е б а р** **Агим Муладаути с.р.**

*112.Врз основа член 43 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (**Службен весник на РМ**бр.52/95) како и член 69 став1 од Статутот на Општината (**Службен гласник на Општината**Бр.4/97),*
*Градоначалникот на Општината Дебар донесе:*

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ ВО ОПШТИНАТА ДЕБАР**

*1. СЕ ПРОГЛАСУВА одлуката за организирање на режимот на сообраќајот во Општината Дебар донесена на 18та седница одржана на ден 18.10.1999 год.*

*2. Одлуката да се објави во **Службен гласник на Општината Дебар**.*

*3. Заклучокот за прогласување на одлуката од точка еден влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во **Службен гласник на Општината**.*

**Бр.08-427/2**
**10.11.1999 год.**
**Д е б а р**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ќемал Цафа с.р**

*113.Врз основа член 17 став 1 точка 6,13,18 од Законот за локалната самоуправа(**Службен весник на РМ**бр.52/95), член 15 став 1 точка5, член 16 став 1 точка 3 и 9 на Статутот на на Општината Дебар (**Службен гласник на Општината **бр.4/97) како и член 61 од Законот за јавни патишта (**Службен весник на РМ**бр.26/96) ,*

*Советот на Општината Дебар на 18-та седница одржана на ден 18.10.1999 донесе :*

## О Д Л У К А

## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ ВО ОПШТИНАТА ДЕБАР

### Член 1

Со ова одлука се организира режимот на сообраќајот во подрачјето на Општината Дебар и тоа:

1. Се одредува еднонасочен сообраќај на ул. **Братство Единство** во правец од раскрсницата со ул. **ЈНА** и **Велко Влаховиќ** до раскрсницата со улиците, **Јордан Зафировски** и ** Ибе Паликуќа**.
2. Се одредува еднонасочен сообраќај на дел од улица **Велко Влаховиќ** (крак кај милиционерската зграда ) во правец од раскрсницата со ул. **$8^{ми}$ Септември** до спојот со улицата на стамбениот блок од левата страна.
3. Се забранува паркирање во ул. **$8^{ми}$ Септември** во двете правци на улицата до ДГС**Партизан**.
4. Се одредува паркирање во просторот пред ПТП **Жупа** и просторот од левата страна на влезот во **Новост** ( ул. **$8^{ми}$ Септември**).
5. Се забранува запирање и паркирање на дел од ул. **Велко Влаховиќ** од раскрсницата со ул. **Атанасије Илиќ** до раскрсницата со улиците **ЈНА** и **Братство Единство**.
6. Се одредува паркирање на патнички автомобили на улица **Братство-Единство** од десна страна во правец на движењето паралелно со улицата, од раскрсницата со ул. **ЈНА** и **Велко Влаховиќ** до раскрсницата со ул. **Петре Поповски**.
7. Се одредува паркирање на такси-патнички автомобили од десна страна во правец на движењето паралелно со улицата, на дел од ул. **$8^{ми}$ Септември** од главниот влез на Стоковна куќа до раскрсницата со ул. **ЈНА**, **Братство Единство**, **Велко Влаховиќ**.
8. Се одредува паркирање на такси-комби возила на дел од ул. **Велко Влаховиќ** и тоа од раскрсницата со ул. **$8^{ми}$ Септември** кај ДТВ **Партизан** до раскрсницата кај зградата на Електродистрибуција од десна страна во правец на движењето паралелно со улицата.
9. Се забранува движење на товарни моторни возила и автобуси на дел од улицата **$8^{ми}$ Септември** од раскрсницата кај Стоковна куќа до раскрсницата на улиците **ЈНА**, **Велко Влаховиќ**, и **Братсво Единство**; и улицата **Братство Единство** од раскрсницата на улиците **ЈНА**, **Велко Влаховиќ** и **$8^{ми}$ Септември** до раскрсница на улиците **Братство Единство**,

**Јордан Зафировски** и **Ибе Паликуќа**, освен за дотур и снабдување во времетраење од $22^{00}$ до $7^{00}$ часот.

10. Се забранува движење на запрежени возила и трактори на улиците:
    - **$8^{ми}$ Септември** и ** Братство Единство ** од Стоковната куќа до пензионерски дом.
11. Се одредува паркирање на патнички автомобили во просторот предвиден за паркинг со ДУП во ул.**Велко Влаховиќ** наспроти Основниот Суд во Дебар.
12. Се забранува запирање и паркирање во ул.**Амди Леши** во двата правци, од раскрсницата со улицата **Едвард Кардел**до раскрсницата со улиците **Ангеле Обочки** и **Бајрам Селими**.
13. Се одредува локација за паркирање на запрежни возила во времената локација на градскиот пазар. Ул.**Велко Влаховиќ**и во слободниот простор во долниот дел на градскиот Пазар на ул.**Јордан Зафировски**.

14 Да се стави во функција паркинг просторот - гаражата на градско пазариш на ул**Јордан Зафировски**.

15. Се одредува паркирање на тешки моторни возила во кругот на ДОО **Шпилетранс ** Дебар.

Член 2

Согласно ова Одлука надлежните органи да превземаат мерки за поставување на хоризонталната и вертикалната сигнализација.

Член 3.

Ова одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во **Службен гласник на Општината**.

***Бр. 07-365/***
***18.10.1999 год.***
***Д е б а р***

***СОВЕТ НА ОПШТИНАТА***
***Председавач***
***Агим Муладаути с.р.***

*114. Врз основа член 43 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (**Службен весник на РМ**бр.52/95) како и член 69 став1 од Статутот на Општината (**Службен гласник на Општината** Бр.4/97),*

*Градоначалникот на Општината Дебар донесе:*

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ НА СОВЕТОТ НА**
**ОПШТИНАТА ДЕБАР**

*1. СЕ ПРОГЛАСУВА заклучокот на Советот на Општината Дебар за склучување на бракови донесен на 18^та^ седница одржана на ден 18.10.1999 год.*

*2. Заклучокот да се објави во **Службен гласник на Општината Дебар**.*

*3. Заклучокот за прогласување на заклучокот од точка еден влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во **Службен гласник на Општината**.*

***Бр.08-427/3***
***10.11.1999 год.***
***Д е б а р***

***ГРАДОНАЧАЛНИК***
***Ќемал Цафа с.р***

*115.Врз основа член 88 од Статутот на Општината Дебар (**Службен гласник на Општината**Бр.4/97), во врска со прашањето за склучување на бракови во Оптшината и на албански јазик,*

*Советот на Општината Дебар на 18^{та} седница одржана на ден 18.10.1999 год. донесе:*

## *З А К Л У Ч О К*

1. *Советниците одредени од страна на Советот на Општината за склучување на бракови во Општината Дебар, додека не се реши прашањето за склучување на бракови на лицата кои склучуваат брак и на албански јазик според одредбите на Законот за локалната самоуправа, да не присуствуваат во постапката за склучување на бракови.*

2. *Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објавува во Службен гласник на Општината*.*

***Бр.07-365/5*** **СОВЕТ НА ОПШТИНАТА**
***18.10.1999 год.***
***Д е б а р***

***Председавач***
***Агим Муладаути с.р.***

*116.Врз основа член 43 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (**Службен весник на РМ**бр.52/95) како и*

*член 69 став1 од Статутот на Општината (**Службен гласник на Општината** Бр.4/97),*

*Градоначалникот на Општината Дебар донесе:*

***З А К Л У Ч О К***
***ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ НА СОВЕТОТ НА***
***ОПШТИНАТА ДЕБАР***

*1. СЕ ПРОГЛАСУВА заклучокот на Советот на Општината Дебар за усвојување на извештајот на комисијата за поврзување на с.Скудриње во водоводот Росоки - Дебар донесен на 18[та] седница одржана на ден 18.10.1999 год.*

*2. Заклучокот да се објави во **Службен гласник на Општината Дебар**.*

*3. Заклучокот за прогласување на заклучокот од точка еден влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во **Службен гласник на Општината**.*

***Бр.08-427/4***
***10.11.1999 год.***
***Д е б а р***

***ГРАДОНАЧАЛНИК***
***Ќемал Цафа с.р***

*117.Врз основа член 88 од Статутот на Општината Дебар (**Службен гласник на Општината** бр. 4/97), во врска со*

извештајот на Комисијата за разгледување на случајот за поврзување на с. Скудрињe во водоводот Росоки - Дебар,

Советот на Општината Дебар на 18[та] седница одржана на ден 18 октомври 1999 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА КОМИСИЈАТА**
**ЗА РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРАШАЊЕТО ЗА ПОВРЗУВАЊЕ**
**НА с. СКУДРИНЈЕ ВО ВОДОВОДОТ РОСОКИ - ДЕБАР**

1.Се усвојува извештајот на комисијата формирана од страна на Советот на Општината Дебар за разгледување на прашањето за поврзување на с. Скудрињe во водоводот Расоки - Дебар.

2.Се усвојува ставот на Комисијата во врска со прашањето од точка 1 на заклучокот со следниот текст:

Му се препорачува на Советот на Општината Дебар да го одбие барањето на с.Скудриње за поврзување во водоводот Росоки-Дебар поради следните причини:

- од последните извршени технички мерења во месец август е констатирано да во резервоарот пристигнуваат 150 л/с вода за пиење што е во границата предвидено со проектите.
- актуелната фактична состојба на водоводната мрежа во градот застарена и амортизирана, со губење на водата, оневозможува с.Скудриње да се поврзува во овој водовод но, во иднина со реализирање на проектите на Пелагонија - проект видно ќе се допринесува во стабилизирањето и квалитетното снабдување на граѓаните со вода за пиење.
- градот Дебар нема соодветен резервоар за акумулација и стабилизирање на водата во градот.
- од правен аспект предметот е во процедура и сеуште нема краен акт (согласност) од надлежниот орган за поврзување на с.Скудриње во овој објект на комуналната инфраструктура.

3.Советот на Општината во согласност со усвоениот став да изготви одговор до Општина Ростуше.

4.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во **Службен гласник на Општината**

**Бр.07-356/6**
**18.10.1999 год.**
**Д е б а р**

**СОВЕТ НА ОПШТИНАТА**
**Предсеадавач,**
**Агим Муладаути с.р.**

*118.Врз основа член 43 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (**Службен весник на РМ**бр.52/95) како и член 69 став1 од Статутот на Општината (**Службен гласник на Општината**Бр.4/97),*

*Градоначалникот на Општината Дебар донесе:*

## ***З А К Л У Ч О К***
## ***ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА СТАВОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ДЕБАР***

*1. СЕ ПРОГЛАСУВА ставот на Советот на Општината Дебар за обезбедување постојани извори на средства за финансирање на културата и физичката култура донесен на 18[та] седница одржана на ден 18.10.1999 год.*

*2. Ставот да се објави во **Службен гласник на Општината Дебар**.*

*3. Заклучокот за прогласување на ставот од точка еден влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во **Службен гласник на Општината**.*

**Бр.08-427/5**
**10.11.1999 год.**
**Д е б а р**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ќемал Цафа с.р**

*119.Врз основа член 88 од Статутот на Општината Дебар (**Службен гласник на Општината**бр.4/97) во врска со финансирањето на културата и физичката култура во Општината, Советот на Општината Дебар на 18та седница одржана на ден 18.10.1999 донесе:*

***С Т А В***

*1. Предлог одлуката на Советот на Општината Дебар за обезбедување постојани извори за финансирање на културата и физичката култура , според која овој извор на средства ќе се осигурува преку ЈКП**Стандард** од наплатата за вода, смет и канализација- посебно конто манипулативни трошкови, да се достави до Извршниот одбор на Претпријатието за разгледување и согласност.*

*2. Во врска со предлог одлуката, Извршниот одбор да се изјасни до 25.10.1999 год. Одговор да се даде на 26.10.1999 год.*

*3. Доколку Извршниот одбор даде согласност на предлог одлуката, собирањето на средствата да почне од 1.11.1999 год.*

*4. До 31.12.1999 год. собраните средства да се префрлаат во жиросметката на ФК**Кораб** Дебар.*

***Бр.07-356/7***
***18.10.1999 год.***
***Д е б а р***

***СОВЕТ НА ОПШТИНАТА***
***Претседавач***
***Агим Муладаути с.р***

## *С О Д Р Ж И Н А*

================================================================================

*110. Заклучок за прогласување на одлуката за начинот на изградба во населените места во Општината кои немаат урбанистичка документација*-------------------------- *217*

*111. Одлука за начинот на изградба во населените места во Општината Дебар кои немат урбанистичка документација.*------------------------------------------------- *218*

*112. Заклучок за прогласување на одлуката за организирање на режимот на сообраќајот во Општината Дебар*--------- *223*

*113. Одлука за организирање на сообраќајот во Општината Дебар* ---------------------------------------------------------- *224*

*114. Заклучок за прогласување на заклучокот на Советот на Општината Дебар*------------------------------------------ *227*

*115. Заклучокт на Советот за склучување на бракови*--------- *228*

*116. Заклучок за прогласување на заклучокот на Советот на Општината Дебар за с. Скудрињe*---------------------- *229*

*117. Заклучок за усвојување на извештајот на комисијата за приклучивање на с.Скудрињe во водоводот Росоки*------ *230*

*118. Заклучокт за прогласување на ставот на Советот*-------- *231*

*119. Став на Советот за финансирање на културата и физичката култута во Општината Дебар*----------------- *232*

================================================================================

*ИЗГОТВИ: СТРУЧНА СЛУЖБА*

**ТЕКСТУАЛНИОТ ДЕЛ КОН ГРАФИЧКИОТ ПРИЛОГ**
**ЗА СЕЛО ЏЕПИШТЕ**

1. Согласност бр. 10-8/22 од 8.07. 19 88 година од Републичкиот комитет за земјоделие, шумарство и водостопанство на Република Македонија Скопје за пренамена на земјиштето од земјоделски намени на градежни намени.

2. Графичкиот прилог што е прикажан на ситуацијава останува истиот по согласноста бр. 10-8/22 од 8.07. 19 88 година.

3. Графичкиот прилог во размер 1:2500 од 24.06. 1998 година бр. 08-332/1.

4. Одлука на Совет на Општината Дебар бр.______ од______ 19______год.

Министерство за урбанизам и градежништво
-Подрачна единица Дебар-
Началник,
Дипл.инж.арх.Дурим Фетаху



ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОДРАЧЈЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ВО с.ЦЕПИШТЕ
ЛЕГЕНДА
-Индивидуално становање
-Јавни функции
-Мало стопанство
ГРОБИШТА
САДРИК
ПАРАСПУР
ЛИВАДА
ЧЕКУЛО
с. ЦЕПИШТЕ
ВАРКОВЦИ
БИГОР
ЃУРОВО БРДО
ШК
Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
-ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА-
Бр. 08-332/1
24-06-1998 год.
ДЕБАР
Министерство за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина
-Подрачна единица Дебар-
Началник,
дипл.град.инж.Димче Ивановски
СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБАР
Председател,

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Бр. УП 17-931/2019
07.02.2020 година
Скопје

УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице, врз основа на член 71 став 8 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 , 192/15, 39/16 и 11/18), по барање на НУ Национален конзерваторски центар - Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за одобрување на Заштитно-конзерваторските основи со третман на недвижно културно наследство за изработка на Општ акт за село Џепиште, Општина Дебар

1. **Се одобруваат** Заштитно-конзерваторските основи со третман на недвижно културно наследство за изработка на Општ акт за село Џепиште, Општина Дебар (бр.08-19/3 од 04.02.2020 год.), изработени од надлежната установа за заштита на културното наследство, НУ Национален конзерваторски центар - Скопје.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

НУ Национален конзерваторски центар - Скопје поднесе барање за одобрување на Заштитно-конзерваторските основи со третман на недвижно културно наследство за изработка на Општ акт за село Џепиште, Општина Дебар (бр.08-19/3 од 04.02.2020 год.).

По увидот во поднесената документација е утврдено дека барањето за одобрување на заштитно-конзерваторските основи е основано. Основите се изработени и ги содржат потребните податоци во согласност со Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, а во врска со член 71 став 8 од Законот за заштита на културното наследство.

Согласно наведеното е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението, преку Управата за заштита на културното наследство.

Директор,
***Ацо Костов***

Изработил: М. Матеска
Одобрил: м-р Б.Јовановска


Управа за заштита на културното наследство
Ул. „Павел Шатев " бр. 3, Скопје; П.Фах 220 +389 2 5517 700
contact@uzkn.gov.mk www.uzkn.gov.mk

Република Северна Македонија
НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
IN QENDRA NACIONALE E KONSERVIMIT - SHKUP
Republic of North Macedonia
NI NATIONAL CONSERVATION CENTER OF CULTURAL HERITAGE - SKOPJE

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 08-1913
04 02 20 20 год.-viti-year
СКОПЈЕ-SHKUP-SKOPJE

# КОРИГИРАНИ

# ЗАШТИТНО-КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ

## СО ТРЕТМАН НА НЕДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ЗА ИЗРАБОТКА НА ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЦЕПИШТЕ ОПШТИНА ДЕБАР



Скопје, февруари, 2020 година

# КОРИГИРАНИ

## ЗАШТИТНО-КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
## СО ТРЕТМАН НА НЕДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ЗА ИЗРАБОТКА НА ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЏЕПИШТЕ
## ОПШТИНА ДЕБАР

**Стручен тим:**

**1. Маја Несторова,** ист. на уметност, конзерватор советник, *раководител*

**2.д-р Сања Ивановска Велкоска,** археолог, советник конзерватор, *член*

**3. м-р Љуиза Невзати,** диа, конзерватор, *член*

Забелешка:
*Заради оправдано отсуство на раководителот на стручниот тим, бараното дополнување/корекции во текстуалниот дел од основите се направени од*

м-р Цветанка Хаџи Пецова, диа,
конзерватор советник

*Раководител на Сектор за истражување и конзерваторско проектирање*

**Директор,**

**м-р Мемет Селмани**

**Скопје, февруари 2020**

## С О Д Р Ж И Н А

### I– ТЕКСТУАЛЕН ПРИКАЗ


**1. ПРАВНА И ПРОГРАМСКА ЗАСНОВАНОСТ НА ЗАШТИТНО-КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ОСНОВИ**

1.1 – Правна заснованост

1.2 – Програмска заснованост

**2. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПФАТ НА ЗАШТИТНО-КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ОСНОВИ**

2.1 – Опис на границите и површина на подрачјето на опфатот

2.2 – Катастарска идентификација на подрачјето на опфатот

2.3 – Други идентификациони податоци за подрачјето на опфатот

**3. АКТУЕЛНИ ПЛАНОВИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПФАТОТ**

3.1 – Преглед на актуелни планови

3.2 – Општ приказ на планските решенија во врска со споменичкото наследство

3.2.1 – Просторен план на Република Македонија

3.3 – Оценка на имплементираноста на планските решенија

**4. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА**

4.1 – Инвентар на незаштитени недвижни добра (Инвентар – Б1)

**5. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА**

5.1 – Анализа на просторниот развој

5.2 – Анализа на постојната состојба на споменичкото наследство

5.2.1 – Правна и фактичка состојба на споменичкото наследство

5.2.2 – Степан на зачуваност, причини за оштетувањата и досегашни заштитни интервенции

5.2.3 – Надлежни субјекти за заштита и управување

5.2.4 – Анализа на релевантните аспекти за уредувањето на просторот

5.3 – Анализа на развојните потреби, потенцијали и можности

5.4 – Проценка на влијанијата


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA ... МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA ... Управа за заштита на културното наследство / Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë Kulturës ... СКОПЈЕ - SHKUP

**6. МЕРКИ НА ЗАШТИТА**
6.1 – Валоризација

**7. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ**
7.1 – Параметри за заштита (заштитно-конзерваторски услови)

**II – ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ**
01 – Аеро снимка на с. Џепчиште
02 – Граница на плански опфат
03 – Инвентар на незаштитени добра
04 – Валоризација и категоризација
05 – Граница на режим на заштита (зони на заштита)
06 – Граница на режим на заштита (степен на заштита)
Фотодокументација

**III – ДОКУМЕНТАРЕН ПРИКАЗ**
1. Дескриптивна документација
1.1 – Доказ за регистрација на установата
1.2 – Решение за формирање стручен тим за изработка на ЗКО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
2
СКОПЈЕ - SHKUP

## I – ТЕКСТУАЛЕН ПРИКАЗ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
2
СКОПЈЕ - SHKUP

# 1. ПРАВНА И ПРОГРАМСКА ЗАСНОВАНОСТ НА ЗАШТИТНО-КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ОСНОВИ

## 1.1 Правна заснованост

*Заштитно-конзерваторските основи за недвижното културно наследство на подрачјето на опфат на Општ Акт за село Џепиште општина Дебар*, се изработуваат врз основа на:

- *Законот за заштита на културното наследство* („Службен весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11 ,148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), во натамошниот текст: ЗЗКН);
- Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16 во натамошниот текст: ЗПУП;
- *Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторските основи за културното наследство* („Службен весник на РМ" бр. 111/05, во натамошниот текст: ПЗКО).

*Заштитно-конзерваторските основи* (во натамошниот текст: ЗКО), согласно со член 71 став 3 и 4 од ЗЗКН, се изработуваат според видот на планот, и тоа за ***заштитените и недвижните добра предвидени за заштита*** на подрачјето на опфатот на планот, со податоци за самите добра, непосредната околина, пристапите и поширокото подрачје на влијание, релевантни за планирањето и уредувањето на просторот. Во случајот, станува збор за ***ЗКО за подрачје на опфат на Општ Акт за село*** (во понатамошниот текст: ОА), определени како посебен вид ЗКО (член 2 точка 6 од ПЗКО), а во врска со член 12 од ЗПУП. Нивната изработка е во надлежност на *јавните установи за заштита на недвижното културно наследство* (според нивната територијална надлежност), а за предметните ЗКО во таква улога е НУ Националниот конзерваторски центар - Скопје (во натамошниот текст: НУ НКЦ), надлежен за подрачјето на општината Дебар (член 71 став 7 и член 146 став 4 точка 3 в.в. член 178 став 1 точка 1 од ЗЗКН). Во поглед на содржината и начинот на изработка на предметните ЗКО, пак, во целост се релевантни одредбите од горенаведениот ПЗКО.

Овие ЗКО подлежат на *одобрување и заверка* од страна на *Управата за заштита на културното наследство* (во натамошниот текст: УЗКН), а за изработка на ***нацртот на предметниот ОА***, можат да се користат единствено таквите основи (член 71 став 8 и 9 од ЗЗКН). Во таа смисла, одобрените и заверените ЗКО имаат задолжително дејство: ***изготвувачот на планот е должен да ги почитува таквите ЗКО*** (член 72 од ЗЗКН). Таквото правно дејство на самите ЗКО е засновано врз ***начелото на интегрираната заштита***

***на недвижното културно наследство***, чие клучно обележје е ***задолжителното вклучување на тоа наследство во просторните и урбанистичките планови*** и негов соодветен третман при подготвувањето, донесувањето и спроведувањето на плановите (член 6 став 2 и член 69 од ЗЗКН). Тоа начело е соодветно вградено и во општите прописи од областа на ***просторното и урбанистичкото планирање***, формулирано како ***начело на заштита на недвижното културно наследство*** (член 4 став 2 алинеја 7 од ЗПУП), содржано и во член 3 став 1 точка 7 од ***Правилникот за стандардите и нормативите за урбанистичко планирање*** („Службен весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

Предметниот ОА, за чии потреби се изработуваат овие ЗКО, согласно со член 12 став 8 од ЗПУП треба да содржи ***детални параметри за заштита на недвижното културно наследство*** што се наоѓа во неговиот плански опфат.

**1.2 – Програмска заснованост**

Изработката на предметните ЗКО не е вклучена во ***Годишната програма за изработка на ЗКО за 2019 година***, во смисла на член 71 став 4 од ЗЗКН. Всушност, предметната активност претставува договорна обврска на НУ НКЦ, заснована врз склучениот Договор бр. 08-314/4 од 23.09.2019 год. со инвеститорот – Општина Дебар, како заинтересирана странка по чија иницијатива била започната постапката за изработка на ***Општ Акт за с. Џепиште.***

Изработката на планот-елаборатот, за чии потреби се изработуваат овие ЗКО, од страна на ***општината Дебар*** му била доверена на овластено правно лице – ДООЕЛ „ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" - Битола.

Општина Дебар има побарано од НУ НКЦ - Скопје, да ги изработи потребните ЗКО (Барање бр. 10-629/1од 30.07.2019година), примено во НУ НКЦ со бр. 08-314/1 од 01.08.2019 година.

Од страна на НУ НКЦ е извршен увид на предметниот плански опфат (од стручен тим формиран за таа цел со Решение бр. 08-314/2 од 27.08.2019 година). Дел од стручниот тим направи увид и поднесе Извештај од извршениот увид на планскиот опфат (бр. 08-314/3 од 04.09.2019 година), по што изготвувачот на планот е известен за натамошниот тек на работите во врска со изработката на самите ЗКО.

Во наведената смисла, изработката на овие ЗКО е започната во текот на месец октомври, од стручен тим формиран со Решение бр. 08-314/5 од 24.09.2019 година, откако беа обезбедени неопходните услови за тоа.

Овие ЗКО претставуваат документациона основа за третманот на недвижното културно наследство на подрачјето на планскиот опфат на ***ОА Џепиште***, општина Дебар, за планскиот период за кој се донесува тој план.

## 2. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПФАТ НА ЗАШТИТНО-КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ОСНОВИ

### 2.1 – Опис на границите и површина на подрачјето на опфатот

Границите на планскиот опфат за Општ Акт за с Цепиште, КО Дебар се дефинирани во графичкиот дел од Планската програма.

Во границите на планскиот опфат за ОА за село Цепиште припаѓаат следните катастерски парцели:

Опфат 1.

КП697/2; КП696; КП738; КП737; КП691; КП109 (пат); КП686; КП685; КП684; КП687; КП687; КП688; КП689; КП284; КП285; КП286; КП287; КП287; КП288; КП299; КП290; КП291; КП292; КП293; КП693; КП294; КП295; КП308; КП307; КП306; КП305, КП309; КП310; КП270; КП269; КП271; КП272; КП273; КП274; КП275;

Опфат2:

КП373; КП374; КП376; КП377; КП265; КП264; КП263; КП262; КП261; КП260; КП220; КП205; КП209; КП219; КП218; КП217; КП216; КП215/2; КП214; КП213; КП212; КП211; КП210; КП199; КП196; КП194; КП193; КП192; КП390; КП389; КП388; КП387; КП386; КП385; КП384; КП383; КП382; КП381; КП380; КП379; КП378; КП855; КП430; КП429; КП428; КП427; КП426; КП425; КП391; КП392; КП393; КП394; КП395; КП396; КП397; КП398; КП399; КП400; КП413; КП414; КП415; КП416; КП417; КП419; КП420; КП421; КП422; КП423/2; КП423/1; КП424; КП433; КП432; П431; КП434; КП435; КП436; КП437; КП438; КП439; КП440; КП441; КП442; КП443; КП444; КП445; КП446; КП447; КП448; КП449; КП450; КП451; КП452; КП453; КП453; КП454; КП455; КП456/1; КП456/2; КП458; КП461; КП860; КП501; КП500; КП499; КП498; КП497; КП496; КП495; КП494; КП493

Координати:

| опфат 1 | | |
|---|---|---|
| точка | y | x |
| 1 | y=7461159.5920 | x=4589028.9700 |
| 2 | y=7461171.5980 | x=4589039.2730 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | y=7461185.1490 | x=4589057.9160 |
| 4 | y=7461201.1640 | x=4589048.5890 |
| 5 | y=7461226.3880 | x=4589068.3790 |
| 6 | y=7461232.8690 | x=4589086.9800 |
| 7 | y=7461220.4970 | x=4589095.3200 |
| 8 | y=7461200.2800 | x=4589107.0930 |
| 9 | y=7461177.9760 | x=4589117.9290 |
| 10 | y=7461172.3220 | x=4589120.2640 |
| 11 | y=7461161.1640 | x=4589126.4480 |
| 12 | y=7461156.3200 | x=4589127.3060 |
| 13 | y=7461160.6980 | x=4589147.1610 |
| 14 | y=7461160.2080 | x=4589161.6680 |
| 15 | y=7461158.6480 | x=4589175.5120 |
| 16 | y=7461148.4450 | x=4589188.9250 |
| 17 | y=7461135.2160 | x=4589202.2040 |
| 18 | y=7461119.7010 | x=4589216.8680 |
| 19 | y=7461105.1910 | x=4589232.9430 |
| 20 | y=7461093.7250 | x=4589248.0860 |
| 21 | y=7461089.2440 | x=4589260.6300 |
| 22 | y=7461085.3760 | x=4589273.5740 |
| 23 | y=7461081.7440 | x=4589279.4110 |
| 24 | y=7461072.0440 | x=4589289.9540 |
| 25 | y=7461063.8720 | x=4589302.1910 |
| 26 | y=7461049.2520 | x=4589315.0980 |
| 27 | y=7461034.5820 | x=4589324.1430 |
| 28 | y=7461017.6740 | x=4589330.8530 |

| | | |
|---|---|---|
| 29 | y=7461004.0730 | x=4589328.7870 |
| 30 | y=7460989.1480 | x=4589322.9150 |
| 31 | y=7460983.2980 | x=4589321.3820 |
| 32 | y=7460974.6030 | x=4589317.5350 |
| 33 | y=7460959.0980 | x=4589306.9050 |
| 34 | y=7460936.8420 | x=4589274.4920 |
| 35 | y=7460931.9910 | x=4589271.0140 |
| 36 | y=7460919.3390 | x=4589258.8780 |
| 37 | y=7460904.2060 | x=4589247.0270 |
| 38 | y=7460882.0510 | x=4589232.0470 |
| 39 | y=7460861.8120 | x=4589235.3720 |
| 40 | y=7460855.4140 | x=4589231.5030 |
| 41 | y=7460864.5980 | x=4589210.2160 |
| 42 | y=7460861.7780 | x=4589198.6720 |
| 43 | y=7460862.2010 | x=4589185.6280 |
| 44 | y=7460857.3650 | x=4589169.3670 |
| 45 | y=7460864.2320 | x=4589131.2350 |
| 46 | y=7460850.7600 | x=4589115.3530 |
| 47 | y=7460884.3320 | x=4589097.3590 |
| 48 | y=7460894.7470 | x=4589045.5720 |
| 49 | y=7460929.7830 | x=4589073.5660 |
| 50 | y=7460928.0020 | x=4589042.1270 |
| 51 | y=7460954.7860 | x=4589025.6810 |
| 52 | y=7460969.9340 | x=4589037.2070 |
| 53 | y=7460974.8650 | x=4589055.2570 |
| 54 | y=7461005.2530 | x=4589051.6500 |

| | | |
|---|---|---|
| 55 | y=7460994.5710 | x=4589019.1020 |
| 56 | y=7460991.8380 | x=4588985.8430 |
| 57 | y=7460992.9330 | x=4588979.8250 |
| 58 | y=7460993.9110 | x=4588971.6180 |
| 59 | y=7460996.4950 | x=4588932.2760 |
| 60 | y=7460997.0480 | x=4588924.1250 |
| 61 | y=7461001.0500 | x=4588904.5330 |
| 62 | y=7461004.6290 | x=4588883.4610 |
| 63 | y=7461012.2110 | x=4588866.4900 |
| 64 | y=7461018.0040 | x=4588855.8820 |
| 65 | y=7461037.0410 | x=4588863.9400 |
| 66 | y=7461054.4420 | x=4588840.4290 |
| 67 | y=7461061.1550 | x=4588830.0750 |
| 68 | y=7461077.7290 | x=4588844.0600 |
| 69 | y=7461089.6780 | x=4588854.1230 |
| 70 | y=7461097.3160 | x=4588867.9400 |
| 71 | y=7461099.6840 | x=4588876.2650 |
| 72 | y=7461098.0180 | x=4588884.4750 |
| 73 | y=7461105.5830 | x=4588892.9270 |
| 74 | y=7461113.7220 | x=4588900.4130 |
| 75 | y=7461129.0910 | x=4588912.1620 |
| 76 | y=7461133.6240 | x=4588914.3060 |
| 77 | y=7461112.9280 | x=4588917.4110 |
| 78 | y=7461105.5130 | x=4588919.2020 |
| 79 | y=7461100.1000 | x=4588938.6090 |
| 80 | y=7461125.6760 | x=4588982.4950 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
2
СКОПЈЕ - SHKUP

| | | |
|---|---|---|
| 81 | y=7461136.0900 | x=4588997.2080 |
| 82 | y=7461140.1470 | x=4589003.9900 |

| опфат 2 | | |
|---|---|---|
| точка | y | x |
| 1 | X=7461691.1160 | Y=4588835.1030 |
| 2 | X=7461685.1280 | Y=4588849.8290 |
| 3 | X=7461668.4160 | Y=4588844.4110 |
| 4 | X=7461660.6890 | Y=4588862.3140 |
| 5 | X=7461658.5470 | Y=4588867.3530 |
| 6 | X=7461650.2950 | Y=4588868.9120 |
| 7 | X=7461643.7510 | Y=4588871.7550 |
| 8 | X=7461631.8490 | Y=4588879.9490 |
| 9 | X=7461607.7110 | Y=4588898.0540 |
| 10 | X=7461601.7040 | Y=4588910.7810 |
| 11 | X=7461592.7860 | Y=4588935.7650 |
| 12 | X=7461587.6880 | Y=4588942.9940 |
| 13 | X=7461579.1490 | Y=4588947.4810 |
| 14 | X=7461565.4850 | Y=4588951.7480 |
| 15 | X=7461547.6540 | Y=4588952.3020 |
| 16 | X=7461536.0010 | Y=4588953.2430 |
| 17 | X=7461533.6250 | Y=4588956.6340 |
| 18 | X=7461535.3040 | Y=4588960.3670 |
| 19 | X=7461532.6500 | Y=4588965.6870 |
| 20 | X=7461536.7080 | Y=4588986.3190 |
| 21 | X=7461514.0210 | Y=4588985.0970 |
| 22 | X=7461511.8050 | Y=4588991.2910 |

| | | |
|---|---|---|
| 23 | X=7461509.6440 | Y=4588995.8610 |
| 24 | X=7461507.4650 | Y=4589003.5590 |
| 25 | X=7461502.4070 | Y=4589011.6780 |
| 26 | X=7461497.1270 | Y=4589017.6170 |
| 27 | X=7461487.9520 | Y=4589025.4960 |
| 28 | X=7461492.5090 | Y=4589029.8590 |
| 29 | X=7461481.5630 | Y=4589047.9950 |
| 30 | X=7461486.9240 | Y=4589054.2440 |
| 31 | X=7461474.1310 | Y=4589065.7740 |
| 32 | X=7461470.1930 | Y=4589057.6910 |
| 33 | X=7461464.5870 | Y=4589049.8680 |
| 34 | X=7461434.9390 | Y=4589047.7820 |
| 35 | X=7461422.7580 | Y=4589048.3150 |
| 36 | X=7461382.7690 | Y=4589063.1090 |
| 37 | X=7461374.3450 | Y=4589055.0080 |
| 38 | X=7461363.6130 | Y=4589038.8550 |
| 39 | X=7461356.6240 | Y=4589036.6390 |
| 40 | X=7461348.3870 | Y=4589029.7270 |
| 41 | X=7461338.0850 | Y=4589016.3590 |
| 42 | X=7461346.0610 | Y=4589010.0230 |
| 43 | X=7461335.2590 | Y=4589005.7430 |
| 44 | X=7461329.1950 | Y=4588983.6330 |
| 45 | X=7461304.9200 | Y=4588966.0130 |
| 46 | X=7461296.6370 | Y=4588959.9540 |
| 47 | X=7461282.4370 | Y=4588951.4900 |
| 48 | X=7461273.0560 | Y=4588950.0750 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
СКОПЈЕ - SHKUP

| | | |
|---|---|---|
| 75 | X=7461245.3360 | Y=4588682.0150 |
| 76 | X=7461241.2830 | Y=4588657.4550 |
| 77 | X=7461232.1440 | Y=4588631.9140 |
| 78 | X=7461243.1720 | Y=4588628.4670 |
| 79 | X=7461261.0060 | Y=4588627.3540 |
| 80 | X=7461274.4050 | Y=4588628.4670 |
| 81 | X=7461283.8230 | Y=4588630.0600 |
| 82 | X=7461294.4080 | Y=4588635.0860 |
| 83 | X=7461304.4340 | Y=4588643.0010 |
| 84 | X=7461308.1420 | Y=4588639.4480 |
| 85 | X=7461335.0860 | Y=4588627.4940 |
| 86 | X=7461354.0820 | Y=4588617.4710 |
| 87 | X=7461411.1190 | Y=4588650.1900 |
| 88 | X=7461434.0760 | Y=4588638.5800 |
| 89 | X=7461434.3880 | Y=4588623.7750 |
| 90 | X=7461462.4700 | Y=4588626.0550 |
| 91 | X=7461488.2900 | Y=4588621.9560 |
| 92 | X=7461528.1270 | Y=4588628.7560 |
| 93 | X=7461572.9390 | Y=4588648.9280 |
| 94 | X=7461598.8560 | Y=4588650.6600 |
| 95 | X=7461612.2860 | Y=4588651.6110 |
| 96 | X=7461629.9710 | Y=4588650.5810 |
| 97 | X=7461643.9810 | Y=4588648.1090 |
| 98 | X=7461659.5120 | Y=4588660.3090 |
| 99 | X=7461665.5370 | Y=4588673.7060 |
| 100 | X=7461666.7780 | Y=4588680.1620 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS * Управа за заштита на културното наследство * Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë * СКОПЈЕ - SHKUP

| | | |
|---|---|---|
| 101 | X=7461674.3200 | Y=4588700.7750 |
| 102 | X=7461692.2210 | Y=4588720.6050 |
| 103 | X=7461710.2200 | Y=4588735.8970 |
| 104 | X=7461719.4560 | Y=4588751.1700 |
| 105 | X=7461725.2460 | Y=4588768.3000 |
| 106 | X=7461736.0400 | Y=4588777.4390 |
| 107 | X=7461726.3090 | Y=4588786.8350 |
| 108 | X=7461697.4650 | Y=4588793.2160 |
| 109 | X=7461690.8680 | Y=4588816.5790 |

Површината на планскиот опфат на *ОА Цепиште*, според податокот наведен во картографскиот приказ од *Планската програма*, зафаќа површина од 24.7 ха.

**2.2 – Катастарска идентификација на подрачјето на опфатот**

Планскиот опфат кој е предмет на уредување со Општиот Акт за село Цепиште припаѓа на Општина Дебар, односно КО Дебар.

**2.3 – Други идентификациони податоци за подрачјето на опфатот**

Предметното подрачје на опфатот се наоѓа во Дебарскиот регион кој е еден од осумте статистички региони на Македонија. Регионот се наоѓа во западниот дел од државата, се протега сѐ до границата со Албанија, ограден со планините Дешат на север, Стогово на исток и Деберско Езеро и течението на реката Црн Дрим на југ.

Селото Цепиште се наоѓа во областа Голо Брдо и заедно со селото Отишани се единствените села од Голо Брдо кои се наоѓаат во Македонија, додека останатите се во Албанија. Од градот Дебар, селото е оддалечено 12 километри јужно.

Населеноста на Дебарскиот регион, според остатоците од материјалната култура ја следиме во непрекинат континуитет уште од античкиот период, преку римскиот и византискиот период, низ средновековието па се до денес.

Релјефот на територијата на атарот на селото Цепиште спаѓа во делумно планински што е главна карактеристика на релјефот на ова

подрачје. Населениот дел од селото Џепиште се наоѓа на планински терен со надморска висина од околу 750 м.

Населението се занимава со сточарство, земјоделство и останати активности.

# 3. АКТУЕЛНИ ПЛАНОВИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПФАТОТ

## 3.1 – Преглед на актуелни планови

| ***Рамка – 1: Актуелни просторни и урбанистички планови*** | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | ***В и д о в и   п л а н о в и*** | |
| ***П р о с т о р н и   п л а н о в и*** | | |
| 1. | *Назив:* | Просторен план на Република Македонија |
| | *Доносител:* | Собрание на Република Македонија |
| | *Време на донесување:* | 11.06.2004 г. („Сл. весник на РМ“ бр. 39/04) |
| | *Рок на важење:* | 2020 година |
| | *Измени и дополнувања:* | Н е м а |
| ***У р б а н и с т и ч к и   п л а н о в и - нема*** | | |

## 3.2 – Општ приказ на планските решенија во врска со споменичкото наследство

### *3.2.1 – Просторен план на Република Македонија*

***Просторниот план на Република Македонија,*** во поглед на недвижните културни добра содржи основни цели и насоки, кои се однесуваат на:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во сите видови плански документи;
- усогласување на методологијата, критериумите и постапката за валоризација на недвижното културно наследство (заради класификација, категоризација и утврдување соодветен режим на заштита);

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë Kulturore
2
СКОПЈЕ - SHKUP

- примена на соодветни методи при изведувањето на работите на непосредна заштита (конзервација, реставрација, реконструкција и др.) на поединечно заштитените недвижни добра, вклучително и нивната непосредна околина;
- измени и дополнувања на сите просторни планови заради нивно усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство.

Понатаму, од аспект на планските мерки за заштита на градителското наследство, со ***Просторниот план на Република Македонија*** е утврдена обврска – сите видови просторни и урбанистички планови да содржат заштитни мерки. Тоа, пак, значи обврска – информационо-документациската основа на планот да содржи анализа и документација на постојната состојба и валоризација на недвижното културно наследство во рамките на планскиот опфат, што претставува основа за негова класификација, категоризација и утврдување на режим на заштита.

За спроведување на *Планот*, во поглед на ***културно-историското наследство***, во самиот план се содржани следните определби:

- утврдување на границите на регистрираните споменички подрачја и целини;
- утврдување на евидентираните споменици на културата;
- утврдување на заштитени археолошки зони;
- изготвување на класификација и категоризација на културното наследство;
- мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со културно-историски вредности.

***Просторниот план на Република Македонија*** е во сила од 25 јуни 2004 година, додека сеуште беа во примена поранешните закони од предметните области – ***Законот за просторно и урбанистичко планирање*** од 1996 година („Службен весник на РМ“ бр. 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02) и ***Законот за заштита на спомениците на културата*** од 1973 година („Службен весник на СРМ“ бр. 24/73, 42/76 и „Службен весник на РМ“ бр. 12/93).

За просторот на кој му припаѓа предметниот плански опфат на ***ОА за с. Џепиште*** нема друг ***просторен план од понизок ранг***, со кој би бил разработен самиот ***Просторен план на Република Македонија*** (во случајот – нема ***просторен план за регионот, просторен план на општината*** Дебар ниту ***просторен план за подрачје од посебен интерес за Републиката***). Во таа смисла, непосредна просторно-планска основа за изработка на ***ОА за с. Џепиште е*** самиот ***Просторен план на Република Македонија***.

### 3.3 – Оценка на имплементацијата на планските решенија

Во постојната ситуација, поради наведената состојба во поглед на планирањето и уредувањето на просторот на населеното место – село Џепиште, општина Дебар, има основа да се зборува за имплементација на планските решенија за споменичкото наследство на подрачјето на предметниот плански опфат. Практично, токму во поглед на предметното споменичко наследство и неговата заштита, планската рамка дефинирана со Просторниот план на Република Македонија, во времето на изготвувањето на овие ЗКО останува и натаму непроменета. Всушност, таа допрва треба да биде предмет на имплементација со план од пониско ниво, во случајов – со ОА за с. Џепиште, за чии потреби се изготвуваат и овие ЗКО.

Во поглед на другите аспекти на планирањето и уредувањето на просторот, имплементацијата на ***Просторниот план на Република Македонија*** не е предметна за овие ЗКО.

## 4. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА

### 4.1 – Инвентар на заштитени недвижни добра

На подрачјето на опфатот на овие ЗКО, во времето на нивното изготвување, нема заштитени недвижни добра, поточно, добра со статус на културно наследство од соодветниот вид (споменици на културата, во смисла на ЗЗКН), а нема добра со поинаков заштитен статус (добра под привремена заштита, резервирани археолошки зони), како ни ***споменици на културата***, во смисла на поранешните спомenички прописи.

### 4.2 – Инвентар на незаштитени недвижни добра *(Инвентар – Б1)*

| ИНВЕНТАРЕН ЛИСТ – Б | |
|---|---|
| ***Реден број:***<br><br>**Б1 – 01** | |
| Матичен број :<br>**Е НД** 4-808-040/37 | |

| | |
|---|---|
| |   |
| *Назив на доброто:* | **Цр. Св. Архангел Михаил** |
| *Локација:* | с. Цепиште |
| *Катастарски податоци:* | КП 451 |
| *Опис на содржината:* | Еднокорабна градба со петострана апсида и додраден нартекс на запад. Живопис и иконопис, атрибуира на Петре Деберли. |
| *Време на настанување:* | Втора половина на 19 век. |
| *Состојба, зачуваност:* | Архитектура во солидна состојба , живопис делумно сочуван ,иконопис во добра состоба. |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
2
СКОПЈЕ - SHKUP

| ИНВЕНТАРЕН ЛИСТ – Б | |
|---|---|
| *Реден број:*<br><br>**Б1 – 01** |   |
| Матиченброј:<br>4-808-040/139 ЕНД | |
| *Назив на доброто:* | **Археолошки локалитет „Извор”** |
| *Локација:* | с. Џепиште |
| *Катастарски податоци:* | КП 493; КП 494; КП 495; КП 496; КП 497; КП 498 |
| *Опис на содржината:* | Некропола од римско време. Се наоѓа во непосреднатаблизинанамотелот „Новживот“,надеснатастранаодпатотДебар-Охрид (сега руина). Во 1967 година, при поставувањето на бандери за далноводот, на длабочина од 1 м се откриени гробови градени од тегули - тип „на две води“.<br>Локалитетот се лоцира на следниве координати:<br>41° 26′ 30″ N<br>20° 32′ 1″ E<br>X= 750 м. |
| *Време на настанување:* | Римски прериод |
| *Состојба, зачуваност:* | Површината е обрасна со вегетација. Скоро целиот простор е асфалтиран и тука е изградена чешма која селаните ја користат за пиење. Не се видливи остатоци од локалитетот поради урбанизација на просторот која е спроведена пред 30тина години |

## 5. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА

### 5.1 – Анализа на просторниот развој

Селото Џепиште, се наоѓа на северниот дел на територијата на општина Дебар. Селото е планинско на надморска височина од околу 750 м.

Селото Џепиште се наоѓа во областа Голо Брдо и заедно со селото Отишани се единствените села од Голо Брдо кои се наоѓаат во

Македонија, додека останатите се во Албанија. Од градот Дебар, селото е оддалечено 12 километри јужно.

Според податоците од 1873 година, селото имало 35 домаќинства со 25 жители муслимани (Македонци) и 75 христијани (Македонци).

Според пописот во 2002 година, с. Џепиште имало 499 жители

## 5.2 – Анализа на постојната состојба на спомeничкото наследство

### *5.2.1 – Правна и фактичка состојба на спомeничкото наследство*

На подрачјето на опфатот на овие ЗКО, како што е веќе наведено погоре во текстот, нема заштитено добро од културно, историско, уметничко, научно и слично значење, во смисла на актуелните прописи за заштита на културното наследство.

### *5.2.2 – Степен на зачуваност, причини за оштетувањата и досегашни заштитни интервенции*

Археолошкиот локалитет кој е наведен во инвентарната листа Б1 „Извор" што е предмет на внимание во овие ЗКО, денес не се наоѓа во изворната состојба, и истиот не е во видлива состојба. На овој локалитет досега не се извршени заштитни интервенции или конзерваторски зафати.

Црквата е посветена на Св. Архангел Михаил по својата архитектонска концепција преставува голема еднокорабна градба со двосливен кров.Црквата е градена од кршен камен. На источната страна , има петострана апсида украсена со плитки ниши, џаконикон и проскомидија.додека на западната страна е доградеn нартекс . Во црквата осветлуването е решено со по два прозорци од северната и јужната страна. Во внатрешноста црквата е исполнета со зидно сликарство кое е доста оштетено . Сликарството може да се препише на, зографот Петре Деберли, што треба да се утврди со дополнителни истражувачки работи . .Во црквата има и голем трикатен иконостас.на кои се наогаат икони кои можат да се атрибуираат на зографот Петре Деберли, втора половина на 19. век. Иконите од иконостасот се во релативно добра состојба.

### *5.2.3 – Надлежни субјекти за заштита и управување*

Надлежна стручна институција за заштита на недвижното културно наследство на подрачјето на општината Дебар, според тоа и за селото Џепиште е НУ НКЦ – Скопје.

Вршењето на управните работи и издавањето на потребните одобренија, дозволи, согласности и други видови акти од областа на заштитата на недвижното културно наследство е во надлежност на УЗКН,

орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице. Во нејзина надлежност е и вршењето на инспекцискиот надзор, како и вршењето на работите за безбедносна заштита на културното наследство и работите за конзерваторскиот мониторинг.

Финансирањето на спомeничката дејност и вршењето на одредени, со закон утврдени надлежности во поглед на недвижното културно наследство, е во делокругот на ресорниот државен орган – Министерството за култура. Општината Дебар, како единица на локалната самоуправа, има одредени надлежности во предметната област, особено во поглед на планирањето и уредувањето на просторот, градењето нови објекти, реконструкцијата, адаптацијата и пренамената на постојните објекти, управувањето со добрата во општа употреба и др.

### *5.2.4 – Анализа на релевантните аспекти за уредувањето на просторот*

Од извршениот увид во состојбата на предметното подрачје на опфатот, направен за потребите на овие ЗКО и од увидот во расположивата планска, катастарска и споменичка документација, може да се оцени дека, од аспект на заштитата на споменичкото наследство, се предвидуваат археолошки истражувања и ископувања на арх. локалитет „Извор" од кои би се добиле конкретни научни податоци.

## 5.3 – Анализа на развојните потреби, потенцијали и можности

Селото Џепиште, како рурална населба има услови за реализација на одредени развојни потреби, потенцијали и можности. Планот за чии потреби се изготвуваат овие ЗКО, како развоен документ, исто така, несомнено, треба да понуди плански решенија сообразени со потребите, потенцијалите и можностите на таа рурална населба, вклучувајќи го и културното наследство.

## 5.4 – Проценка на влијанијата

Постапувањето според насоките во заштитно-конзерваторските основи обезбедува донесување на планско решение кое нема да биде во спротивност со законските акти од доменот на наследството, што ќе овозможи услови за идна нивна соодветна инплементација.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
СКОПЈЕ - SHKUP

## 6. МЕРКИ НА ЗАШТИТА

### 6.1 – Валоризација

Во рамките на предметните ЗКО, Валоризацијата како мерка на заштита **не се предвидува/предлага** за евидентираното недвижно добро **археолошки локалитет „Извор“** (4-808-040/139 ЕНД), заради настанатата урбанизација и интервенции на локацијата (асфалтирање на просторот), со што истите извршиле поголеми/или помали промени на автентичноста.

Имено, врз основа на увидот/истражувањата направени за потребите на изработка на овие заштитно-конзерваторски основи не можат да се осознаат подетални информации за содржините на предметниот археолошки локалитет, границите на доброто и неговата контактна зона. Само врз основа на таквите сознанија кои ќе произлезат од спроведување на археолошки истражувања ќе може со валоризацијата да се предложи воспоставување на заштита врз наведениот археолошки локалитет.

Со оглед на тоа дека црквата **„Св. Архангел Михаил“** (4-808-040/37 Е-НД) во с. Џепиште има сочувано уметнички соржини (иконосликарство како и зидно сликарство) **се предлага нејзина валоризација** како и можна стручна заштита (конзерваторско реставраторски работи).

| **ВАЛОРИЗАЦИОНЕН ЛИСТ** | |
|---|---|
| *Инвентарна ознака:*<br>**Б – 01** | *Единствен матичен број* : 4-808-040/37 **Е НД** |
| |  |

| | |
|---|---|
| |  |
| *Назив на доброто:* | ***Црква св. Архангел Михаил*** |
| *Локација:* | *Општина: општина Дебар, с. Цепиште* |
| *Топографски податоци:* | *40°26'29"N 20°31'53"E*<br>*н.в. 727м* |
| *Катастарски податоци:* | *КО Дебар КП* 451 |
| *Класификација:* | *Класа;* ***1 недвижно културно наследство***<br>*Вид:* ***1.1*** **Споменик***;*<br>*Група;* ***1.2.1*** **верски објект***;*<br>*Тип:* ***1.1.1.3.1 црква;*** |
| *Датирање:* | Втора половина на19 век. |
| *Автор/и:* | Автор на живописот Петре Новев Пачаров |
| *Опис на доброто:* | Црквата е посветена на Св. Архангел Михаил втора половина на 19 век - архитектура. Тоа е градба од втора половина на 19 век, еднокорабна , со петострана апсида украсена со плитки ниши, и ѓаконикон и проскомидија на источната страна. Црквата на запад има затворен трем.Од јужната и северната страна се поставени по два прозорци. Црквата е градена од кршен камен и е засведена со двосливен кров. Во внатрешноста храмот е исполнет со живопис кои по својата стилско ликовно атрибуира на дебарскиот зограф Петре Новев Пачаров познат како Петре Деберли. Во црквата има голем трикатен икоостас со икони кои тилско по своите сликовни обликувања, исто така атрибуираат на Петре Деберли. |
| *Граници на доброто:* | Граница на доброто е габаритот на објектот. (прикажани во графичкиот приказ бр. 04) |

| | |
|---|---|
| ***Контактна зона:*** | Контактната зона е во рамките на катастарската парцела (Графички прикажано во прилог бр. 04) |
| ***Површина:*** | • ***Заштитено добро (ЗД):*** 75 м$^2$<br>• ***Контактна зона (КЗ):*** 4753 м$^2$ |
| ***Сопственост:*** | Црковен имот |
| ***Функција:*** | Црквата е активна, за време на верските празници како и други верски обреди поврзани со месното население.. |
| ***Состојба, степен на зачуваност:*** | Од аспект на конструктивна стабилност на црквата, таа е во добра состојба. Живописот и иконостасот се во изворна состојба. |
| ***Загрозеност на доброто:*** | Општата состојба на црквата.Поголеми оштетувања има во внатрешноста на апсидата, како и во наосот на северниот и јужен зид. Во внатрешноста има пукнатини на ѕидовите и оштетувања на зидното сликарство. |
| ***Претходни интервенции:*** | Досега не се вршени конзерваторско-реставраторски интервенции од страна на надлежни институции. |
| ***Поврзаност:*** | нема |
| ***Вклученост:*** | Црквата досега не била вклучена во урбанистички планови ниту во други видови плански инструменти. |

**6.2 – Категоризација**

Категоризацијата е мерка на заштита што се состои во определување на степенот на значење на некое добро во јавен интерес, во функција на пропишување соодветен режим на заштита, утврдување на приоритетите во заштитата, разграничување на надлежностите и примена на ратификуваните меѓународни договори (член 11 точка 6 од ЗЗКН). Таа е придружна заштитна мерка на валоризацијата и/или на ревалоризацијата, во зависност од конкретните околности, а се врши истовремено со некоја од тие мерки, во согласност со позитивните прописи.

Покрај категоризацијата според значењето, со овие ЗКО се врши и категоризација според загрозеноста, што е во функција на евентуално иницирање на постапка на утврдување на статусот – културно наследство во опасност.

Во случајов. категоризацијата според наведените основи е дадена во **Категоризациониот лист**, што следува во продолжение.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
СКОПЈЕ - SHKUP

<table>
<tr><td colspan="5">КАТЕГОРИЗАЦИОНЕН ЛИСТ</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Инв. ознака</td><td rowspan="3">Назив и локација на доброто</td><td colspan="3">К а т е г о р и з а ц и ј а</td></tr>
<tr><td colspan="2">според значењето</td><td rowspan="2">според загрозеноста</td></tr>
<tr><td>категорија</td><td>поткатегорија</td></tr>
<tr><td>Б - 01</td><td></td><td>ЗНАЧАЈНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО</td><td>-</td><td>ЗАГРОЗЕНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО</td></tr>
<tr><td colspan="5">Забелешка: Категоризацијата во овие ЗКО е извршена согласно со член 29 став 1 од ЗЗКН и критериумите од член 3 став 2 т. 1, став 3 т. 1,6 и 7, став 4 т. 2 и член 7 став 3 т. 1 и 2 од Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 111/05 и 130/13), а во смисла на член 10 став 3 и член 28 од ПЗКО.</td></tr>
<tr><td colspan="5"></td></tr>
</table>

### 6.4 – Режим на заштита

#### *6.4.1 – Зони на заштита*

За подрачјето на опфатот на овие ЗКО се определуваат две зони, и тоа:

- **Зона на ограничена (гарантирана) заштита**, што опфаќа еден сосем мал дел од планскиот опфат на ОА Ќепиште, а се однесува на просторот од тој опфат вклучен во границите на заштитеното подрачје на недвижното добро кое е предмет на валоризација и категоризација;
- **Зона без дејство на заштита**, што го опфаќа најголемиот дел од планскиот опфат на ОА Ќепиште а се однесува на просторот од тој опфат што е надвор од Зоната на ограничена (гарантирана)заштита.

Во рамките на **Зоната на ограничена (гарантирана) заштита** нема делови што се изземаат од дејството на режимот на заштита, односно што би претставувале дел од **Зоната без дејство на заштита**.

Границите на предметните зони се дадени во графичкиот приказ Лист бр. ***05 и 06***.

#### *6.4.2 – Степени на заштита*

- За заштитеното предметното добро (Б-01) и неговата контактна зона , кои ја сочинуваат зоната на ограничена (гарантирана) заштита, со овие ЗКО се утврдува режим на заштита од два различни степена:

- **режим на заштита од втор степен**, предметен за просторот на самото добро.
- **режим на заштита од трет степен**, предметен за контактната зона на самото добро.

Режимот на заштита на предметните зони се дадени во графичкиот приказ Лист бр**. 06.**

**Режим на заштита од втор степен:**

Режимот на заштита од **втор степен** подразбира зачувување на изворната состојба во во однос на габаритот, катната висина и изгледот на фасадите, а конзерваторските интервенции да не бидат во спротивност со целите на заштитата и изворниот карактер на доброто.

- Задржување на постојната форма, големина и изглед на градбата.
- Преземање мерки на непосредна заштита на архитектурата и живописот, иконостасот и иконите, согласно прописите за заштита на културното наследство (превентива, конзервација, реставрација, санација);
- Забрана за било какви градежни интервенции на објектот, освен конзерваторски работи од надлежните служби за заштита на културното наследство.
- Се применува режим на заштита што ги исклучува сите дејствија со кои може да се наруши автентичноста и интегритетот на овој споменик.

**Режим на заштита од трет степен:**

Наведениот степен на заштита означува стандард на дозволени интервенции, односно дејствија што можат да се превземат во блиската околина на доброто.

- Во контактната зона се задржува постојната состојба на теренот, односно отворениот простор, со можност за градежни интервенции со прилагоден архитектонски израз, а во функција за потребите на црквата.

## 6.5- Посебни мерки на заштита

Посебни мерки за заштита во подрачјето на опфат на овие Заштитно конзерваторски основи за измена и дополнуване на Општ акт за с. Џепиште општина Дебар, конкретно се однесуваат на црквата Св. Архангел Михаил, и истите генерално го подразбираат следното:

- Означување на спомеников со знаци и други соодветни ознаки предвидени со националните прописи и ратификуваните

меѓународни договори од областа на заштитата на културното наследство;

- Хортикултурно уредување и одржување на просторот околу црквата;
- Затскривање на електричните и другите водови и инсталации на начин што обезбедува да не бидат видливи на просторот на заштитеното подрачје;
- Забрана за поставување рекламни паноа, плакати, потпирачи, антенски столбови и слична опрема или информативни табли на просторот во заштитеното подрачје, со исклучок на ознаките предвидени со прописите за заштита на културното наследство и опремата или ознаките чие поставување е одобрено од надлежниот орган за заштита на културното наследство;
- Забрана за подигање меморијални споменици и спомен-обележја на предметните делови од *Зоната на ограничена заштита* што не се поврзани со настанувањето, опстојувањето и функцијата на предметното добро;

## 7. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ

7.1. Насоки за вградување на текстуалниот приказ од Заштитно – конзерваторските основи.

При изработката на Нацртот на ОА Цеиште показателите од валоризацијата, режимите и насоките за заштита (претставени во графичкиот дел од заштитно - конзерваторските основи) треба да се третираат како документациска основа за соодветен третман на подрачјето на опфатот, согласно претходно изнесените заклучоци во основите по однос на сите компоненти од заштитниот режим и другите синтезни показатели и прикази.

### 7.2– Параметри за заштита

За подрачјето на опфатот на овие ЗКО што припаѓа на **Зоната на ограничена (гарантирана) заштита**, се определуваат следните **параметри за заштита (заштитно-конзерваторски услови)**:

- Поставувањето на сите инсталации да се изведе на начин што ќе обезбеди тие да не бидат видливи во зоната на заштитеното подрачје;

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS Управа за заштита на културното наследство Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë Kulturore СКОПЈЕ - SHKUP

- При изработка и ревизија на проектна документација за градење и други дејства на посегање во предметниот дел од ***Зоната на ограничена (гарантирана) заштита*** да се внимава на проектните решенија со кои може да се наруши интегритетот на односното ***заштитено подрачје***;
- Пред издавањето на одобрение за градење или друг вид акт за авторизација според општите прописи за градење, за дејства на посегање со кои може да се наруши интегритетот на предметниот дел од *Зоната на ограничена (гарантирана) заштита*, задолжително да се обезбеди ***претходно*** или друго соодветно ***одобрение*** или ***согласност*** од надлежниот орган – *Управата за заштита на културното наследство*;
- Работите на ***непосредна заштита*** за кои не е потребно одобрение или друг вид акт за авторизација според општите прописи за градење, може да се изведуваат врз основа на уредно ***конзерваторско одобрение*** и постапување според прописисте за ***заштита на културното наследство***;
- При ископ на темели или ***изведување*** на други земјени работи, доколку се наиде на предмети или остатоци од градби што се од археолошко значење, изведувачот е должен привремено да прекине со изведувањето на работите и веднаш да го извести *НУ Национален конзерваторски центар –Скопје*, а работите ***да продолжи***да ги врши под археолошки надзор или по претходно изведување на заштитни археолошки ископувања, во зависност од потребата, односномерката определена од *Управата за заштита на културното наследство*;
- Режимот на заштита ја исклучува можноста за воведување намени кои предизвикуваат бучава и загадување на околината;
- Другите заштитно-конзерваторски услови се утврдуваат во планот според елементите предвидени со режимот на заштита.

Работите на одржување и уредување со кои можат да настанат естетски и други физички промени на изгледот на објектот и просторот во неговите граници, можат да се изведуваат по претходна најава и во консултација со надлежната установа зазаштита (стручна помош).

II. ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURË
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
2
СКОПЈЕ




вид на основи

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ

НАСЕЛЕНО МЕСТО

**с. ЦЕПИШТЕ**

ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТ

**ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЦЕПИШТЕ**

ОПШТИНА

**ДЕБАР**

ПРИЛОГ

АЕРО СНИМКА на с. ЦЕПИШТЕ

ДАТА *ноември*, 2019

ПРИЛОГ БРОЈ 01

РАЗМЕР /

НОСИТЕЛ НА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВИТЕ

**НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**

техничка изработка:

*м-р* Љуиза НЕВЗАТИ, диа, конзерватор, *член.*




вид на основи

**ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ**

НАСЕЛЕНО МЕСТО

**с. ЦЕПИШТЕ**

ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТ

**ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЦЕПИШТЕ**

ОПШТИНА

**ДЕБАР**

ПРИЛОГ

**ГРАНИЦА на ПЛАНСКИ ОПФАТ**

| ДАТА | ПРИЛОГ БРОЈ |
|---|---|
| *октомври*, 2019 | 02 |
| РАЗМЕР / | |

НОСИТЕЛ НА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВИТЕ

**НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**

ЛЕГЕНДА:

- Плански опфат
- Граница на плански опфат

техничка изработка:

*м-р* Љуиза НЕВЗАТИ, диа, конзерватор, *член.*




вид на основи

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ

НАСЕЛЕНО МЕСТО

**с. ЦЕПИШТЕ**

ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТ

**ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЦЕПИШТЕ**

ОПШТИНА

**ДЕБАР**

ПРИЛОГ

**ИНВЕНТАР НА НЕЗАШТИТЕНИ НЕДВИЖНИ ДОБРА**

| ДАТА *ноември*, 2019 | ПРИЛОГ БРОЈ |
| --- | --- |
| РАЗМЕР / | 03 |

НОСИТЕЛ НА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВИТЕ

**НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**

ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат
- Незаштитено недвижно добро црква „Св. Архангел Михаил“
- КП на незаштитено недвижно добро - црква „Св. Архангел Михаил“
- Археолошки локалитет „Извор“
- Незаштитени добра кои заслужуваат да бидат ставени под заштита

техничка изработка:

*м-р* Љуиза НЕВЗАТИ, диа, конзерватор, *член.*




вид на основи

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ

НАСЕЛЕНО МЕСТО

**с. ЦЕПИШТЕ**

ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТ

**ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЦЕПИШТЕ**

ОПШТИНА

**ДЕБАР**

ПРИЛОГ

**ВАЛОРИЗАЦИЈА И КАТЕГОРИЗАЦИЈА**

ДАТА *ноември*, 2019

ПРИЛОГ БРОЈ 04

РАЗМЕР /

НОСИТЕЛ НА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВИТЕ

**НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**

ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат
- Граница на заштитено добро
- Граница на контактна зона
- Значајно културно наследство
- Контактна зона
- Верски објект

техничка изработка:

*м-р* Љуиза НЕВЗАТИ, диа, конзерватор, *член*.




вид на основи

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ

НАСЕЛЕНО МЕСТО

**с. ЦЕПИШТЕ**

ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТ

**ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЦЕПИШТЕ**

ОПШТИНА

**ДЕБАР**

ПРИЛОГ

ГРАНИЦА на
**РЕЖИМ НА ЗАШТИТА**
(ЗОНИ НА ЗАШТИТА)

| ДАТА | ПРИЛОГ БРОЈ |
|---|---|
| *ноември*, 2019 | 05 |
| РАЗМЕР / | |

НОСИТЕЛ НА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВИТЕ

**НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**

ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат
- Граница на заштитено добро
- Граница на контактна зона
- Зона на ограничена (гарантирана) заштита
- Зона без дејство на заштита
- Верски објект

техничка изработка:

*м-р* Љуиза НЕВЗАТИ, диа, конзерватор, *член*.




вид на основи

## ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ

НАСЕЛЕНО МЕСТО

**с. ЦЕПИШТЕ**

ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТ

**ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЦЕПИШТЕ**

ОПШТИНА

**ДЕБАР**

ПРИЛОГ

## ГРАНИЦА на РЕЖИМ НА ЗАШТИТА (СТЕПЕН НА ЗАШТИТА)

| ДАТА | ПРИЛОГ БРОЈ |
|---|---|
| *ноември*, 2019 | 06 |
| РАЗМЕР: / | |

НОСИТЕЛ НА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВИТЕ

**НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**

ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат
- Граница на заштитено добро
- Граница на контактна зона
- 2 Режим на заштита од втор степен
- 3 Режим на заштита од трет степен
- Верски објект

техничка изработка:

*м-р* Љуиза НЕВЗАТИ, диа, конзерватор, *член.*

**НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ**
**фотодокументација**









| | | |
|---|---|---|
| општина | нас. Место | Предмет:<br><br>Црква „св. Архангел Михаил“ |
| негатив бр.<br>**Дигитално** | дата:<br>**Октомври, 2019** | |
| снимил Маја Несторова | | Опис:<br>Детали од живописот од внатрешноста на црквата<br><br>Импозантно сликарство на живописот и иконописот од еминентен дебарски зограф Петре Деберли, втора половина на XIX век |
| обработил: | Маја Несторова | |
| референт: | | |

**НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ** **фотодокументација**




Сл. 1




Сл. 2




Сл. 3




Сл. 4




Сл. 5




Сл. 6

| | | |
|---|---|---|
| општина<br>**Дебар** | нас. место<br>**с. Цепиште** | Предмет:<br>**Увид на подрачје на опфат за изработка на Општ акт за селото** |
| негатив бр.<br>**дигитално** | дата:<br>**03.09.2019 г.** | |
| снимил<br>**Сања Ивановска Велкоска** | | Опис:<br><br>сл. 1-3 Арх.лок. Извор<br>сл. 4-6 Црква Св. Архангел Михаил |
| обработил: | **Сања Ивановска Велкоска** | |
| референт: | **Сања Ивановска Велкоска** | |

## III. ДОКУМЕНТАРЕН ПРИКАЗ

| Фирма и седиште на субјектот | Република Македонија<br>Национален конзерваторски центар - Скопје<br>ул. "Евлија Челебија" б.б. | Прилог кон решението број | 3 |
|---|---|---|---|

| Број на регистарската влошка на регистарскиот суд и негово седиште | 1-1973-0-0-0 |
|---|---|

| Датум на уписот | Ознака и број на решението | Број на уписот | Назив на судот |
|---|---|---|---|
| 28.06.2005 | Срег бр.369/05 | 3 | Основен суд Скопје 1 |

Врз основа на решението на регистарскиот суд е извршен упис во судскиот регистар ______ со следните податоци:

1. Дејности односно работи на субјектот на уписот чија фирма е наведена во прилогот кон преписот на решението број 1

Основна дејност

- 92.52/3 Заштита и користење на архитектонско културно богатство:
- води матична евиденција за заштитените и недвижни добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство;
- врши стручна контрола на конзерваторските проекти изработени од надлежните национални установи за заштита во дејноста;
- врши конзерваторски надзор над изведувањето работи на непоредна заштита од страна на надлежните национални установи за заштита во дејноста;
- ја координира работата на установите за заштита во дејноста и им ја укажува потребната стручна помош;
- се грижи за унапредување на дејноста;
- се грижи за усовршување на стручните кадри во дејноста;
- поднесува предлози и дава стручни мислења во случаите утврдени со Закон и по барање на надлежните државни органи;
- врши работи на централна лабораторија за физичко хемиски и био хемиски испитувања;
- врши работа на централно информативно-документациска служба за недвижното културно наследство;
- врши други матични функции утвредни со Закон;
- врши стручни работи за заштита на недвижното културно наследство од исклучително значење;
- ги проучува, истражува и со научни методи ги обработува прашањата од областа на заштитата на недвижното културно наследство;
- изработува стручни елаборати за валоризација и ревалоризација на недвижните добра;
- изработува заштитно конзерваторски основи за потребите на просторните и урбанистички планови;
- врши археолошки истражувања на објектите што се предмет на конзервација;
- врши конзерваторски истражувања и други истражувачки работи за заштита на недвижното културно наследство;
- изработува конзерваторски проекти;
- врши стручна контрола на конзерваторските проекти изработени од други овластени правни и физички лица;

Судија,
Злата Стаиболиска

Следува продолжение број: | 4. Прилог кон преписот на решението

Овластеното лице го потпишува само прилогот кон пријавата, а судијата прилогот кон решението и регистарскиот лист

ОБРАЗЕЦ Прилог кон решението број 3

"Македонија биро" - Скопје

| Фирма и седиште на субјектот | Република Македонија<br>Национален конзерваторски центар-Скопје<br>ул. "Евлија Челебија" б.б. | Продолжение на прилогот кон решението | |
|---|---|---|---|
| Број на регистарската влошка на регистарскиот суд и негово седиште | 1-1973-0-0-0<br>[illegible] | | |
| Продолжение: | | | |

- врши и организира изведување на конзерваторско-реставраторски и други работи на непосредна заштита, уредување и презентација на заштитените културни добра;
- врши конзерваторски и дрг вид стручен надзор над спроведувањето на мерките за заштита на недвижното културно наследство;
- врши стручни експертизи и процена на штета на заштитените добра,
- дава стручна помош на имателите на заштитените добра,
- издава публикации и врши популаризација на недвижното културно наследсво и неговата заштита;
- врши работи на недлежен конзерваторски центар за подрачјата на општините каде не е основан конзерваторски центар;
- врши непосредна заштита и на движно културно наследство кое му е доверено од надлежна јавна установа за заштита или од друг имател на такво добро;
- управува со недвожно културно наследство во државна сопственост за кое му е пренесено правото на користење.

Дополнителна дејност

21.1. Издавачка дејност

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I Република Македонија 19 СКОПЈЕ

Судија,

| Следи продолжение број: | 4. Продолжение на прилогот кон преписот на решението |
|---|---|

Овластеното лице ги потпишува само прилогот кон пријавата, а судијата прилогот кон решението и регистарскиот лист.

ОБРАЗЕЦ: Продолжение на прилогот кон решението

Издава: "Македонија Биро" – Скопје

ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, преку Павлинка Голејшки - овластена за вршење на работите на Регистратор, постапувајќи по пријавата за упис. на промена - разрешување на директор и именување на вршител на должноста директор на Република Северна Македонија Национална Установа Национален конзерваторски центар Скопје Republika e Maqedonise se Veriut, Institucioni nacional Qendra nacionale e konservimit Shkup Republic of North Macedonia, National Conservation Center Skopje, согласно чл. 30, 39 и 41 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (Службен весник на РМ бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11, 70/13, 115/14, 97/15, 53/16, 98/19) и член 30 став 2 и член 34 став 1 и 2 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13,44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18)., го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | **4105648** |

## Деловодник

| | |
|---|---|
| **Прием на пријавата:** | 11.11.2019 |
| **Вид на упис:** | Упис на промена |
| **Одобрување на пријавата:** | 12.11.2019 |
| **Деловоден број:** | 30120190016725 |
